**ИНСТИТУТ ЗА ЕКОНОМСКИ СТРАТЕГИИ И МЕЃУНАРОДНИ ОДНОСИ ОХРИД**

# СЕПАРТИСКИ ФУДБАЛСКИ ТУРНИР
# ФЕР ПЛЕЈ: ЗАЕДНО ЗА ЗАЕДНИЧКИ УСПЕХ




**Институтот за економски стратегии и меѓународни односи Охрид** под покровителство на **Амбасадата на Соединетите Американски Држави** го организираше сепартискиот фудбалски турнир “Заедно за заеднички успех“. Турнирот се одржа на 25ти и 26ти јуни 2011 година. На наше огромно задоволство, младите политички активисти од 18 политички партии, кои беа распоредени во 8 екипи, прифатија да бидат дел од овој турнир чија цел беше да промовира еден дух на соработка и заедништво, дружење и интеракција помеѓу младите политички активисти од различна политичка и етничка припадност. Во саботата на 25ти јуни, момците од Кафениот, Портокаловиот, Зелениот, Тегет, Синиот, Светло синиот , Розевиот и Црниот тим беа расположени за игра и за дружење и дадоа се од себе на натпреварите на кои играа. Атмосферата беше позитивна, играта беше фер плеј и играчите се водеа според мотото: “Нека победи подобриот“. Младите учесници во фудбалскиот турнир покажаа изворедна соработка и желба за интеракција меѓу себе и за време на целиот турнир беа коректни и одлични фер плеј играчи. Се одиграа 6 натпревари, по кои ги добивме финалистите.На финалето, кое се одржа во неделата на 26ти јуни, се натпреваруваа Портокаловиот и Кафениот тим.

Портокаловиот тим беше составен од наптреварувачи од: ВМРО-ДПМНЕ, СДММ, Обединети за Македонија, ДПА и ДПТМ, додека пак Кафениот тим беше составен од натпреварувачи од : СПМ, ЛИДЕМ, ВМРО- ДПМНЕ, Обединети за Македонија и НДП. Финалето беше возбудливо, со пресврти и атрактивни голови и беше неизвесно до последниот свиреж на судијата. Натпреварот на крај сепак заврши во полза на Кафениот тим, кои излегоа како победници од финалниот натпревар со 4:3. По возбудливото финале,

Амбасадорот на Соединетите Американски Држави во Република Македонија, Н.Е. Г-динот Филип Рикер се обрати на присутната публика и на учесниците во натпреварот, а потоа им го честиташе успехот на победниците и второ-пласираните и им ги врачи трофеите, додека пак преостанатите учесници добија сертификати како благодарност за нивните заслуги и учество во фудбалскиот турнир. Покрај претставници од Амбасадата на Соединетите Американски Држави, натпреварот го следеа и претседателите на повеќето политички партии во Република Македонија, кои ја дадоа својата поддршка на фудбалскиот турнир. Младите политичари покажаа зрелост и подготвеност да играат заедно и да заборават на своите политички и идеолошки разлики и преку овој неформален спортски собир, докажаа дека можат со заеднички сили, да постигнат заеднички успеси. На овој турнир немаше еден победник, сите беа победници затоа што докажаа дека во себе го имаат духот на заедништвото и соработката, духот на здрава и фер конкуренција и коректно однесување. Институтот Охрид сака да им се заблагодари срдечно на младите политички активисти од : ВМРО-ДПМНЕ, СДММ, ДУИ, ДПА, ВМРО –НП, Обединети за Македонија, ЛИДЕМ, ОПЕ, ДОМ, НСДП, СПМ, НДП, Нова Демократија, ДЛБМ, ДПТМ, ДПСМ и Демократски сојуз кои земаа учество и дадоа поддршка на сепартискиот фудбалски турнир.

Искрено се надеваме дека овој турнир ќе стане традиција и дека младите политичари и идни лидери зрелоста што ја покажаа на теренот, ќе ја пренесат и понатаму на политичката сцена. Овој фер плеј турнир ќе претставува пример за фер плеј во иднина кога ќе бидат еден до друг во парламентот.




*  *  *

**Институт за економски стратегии и меѓународни односи - ОХРИД**
Димитрије Туцовиќ 24, Скопје, Македонија тел/факс +389 2 322 44 57
www.oi.org.mk; e-mail: info@oi.org.mk